**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
*Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk*

Уп. бр.08-43

**Комисијата за заштита на конкуренцијата** врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на Република Македонија„ бр.145/10, 136/11 и 41/14), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднсено од **Линдаб АБ,** друштво со ограничена одговорност со седиште на 269 82 Båstad, Шведска, преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седница одржана на ден 24.06.2015 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Се утврдува дека концентрацијата со која **Линдаб АБ,** друштво со ограничена одговорност со седиште на 269 82 Båstad, Шведска има намера да се стекне со единствена контрола врз **ХИДРИА ИМП КЛИМА производња клима системов д.о.о.** друштво со ограничена одговорност, со седиште на Godovic 150, 5275 Godovic, Република Словенија, ***по пат на купување на основна главнина*** иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот зазаштита на конкуренцијата во смисла на член** 19 **став** (1) **точка** 2) **од Законот за заштита на конкуренцијата**.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износод 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси (Службен весник на Република Македонија бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840.....03161, приходна шифра и програма 72231300.

## Образложение

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (вопонатамошниот текст: Комисијата) на 28.05.2015 година, согласно одредбите од член 15 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје, **Линдаб АБ,** друштво со ограничена одговорност со седиште на 269 82 Båstad, Шведска поднесе известување за намерата **Линдаб АБ** да стекне контрола над **ХИДРИА ИМП КЛИМА производња клима системов д.о.о.** друштво со ограничена одговорност, со седиште на Godovic 150, 5275 Godovic, Република Словенија.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
*Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk

**Деловни активности на учесниците во концентрацијата**:

1. Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:
   1.1. **Линдаб АБ,** друштво со ограничена одговорност Шведска, со предмет на работење развој, дизајн, производство, маркетинг и дистрибуција на продукти и системски решенија за поедноставена изградба и подобрена внатрешна климатизација.

   1.2. **ХИДРИА ИМП КЛИМА производња клима системов д.о.о.** Словенија, со предмет на работење производство и продажба на технологија за климатизација.

**Друштво за трговија и услуги ХИДРИА ДООЕЛ**, Булевар 8ми Септември бр. 18, 1000 Скопје, Македонија, со предмет на работење големопродажба на метални добра, цевки, апарати и опрема за водоснабдување и централно греење.

ХИДРИА ДООЕЛ Скопје е во 100% сопственост на ХИДРИА ИМП КЛИМА производња клима системов д.о.о. Словенија

Комисијата започна со испитување на известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием и утврди дека концентрацијата потпаѓа под одредбите на Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 7 б) од Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата носи решение во скратена форма, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласночлен 19 став (1) точка 2) одЗаконот.

**Упатство за правно средство**:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Претседател**
**Благој Чурлинов**